08-2006/8
02-12-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на десетата седница одржана на ден 08.11.2024 година донесе

Одлука

Постапката по предметот со број 08-2006/1 од 19.07.2024 година, СЕ ЗАПИРА.
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 082006/1 од 19.07.2024 година.
Предметот со број 08-2006/1 од 19.07.2024 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот број 08-2006/1 од 19.07.2024 година е оформен по сопствена иницијатива. Државната комисија за спречување на корупцијата, од увидот во својата евиденција, констатира дека на _____ на ден 27.05.2024 година му престанала функцијата _____ и дека во законски предвидениот рок по престанок на функцијата, не поднел изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

ДКСК на _____ му издаде прекршочен платен налог број 08-2006/3 од 02.09.2024 година, за прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Од страна на именуваниот е постапено по издадениот прекршочен платен налог, односно платена е половина од изречената глоба во истиот.
Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Ч. , раководител на одделение
Одобрил: С.С.М. , член на ДКСК